Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-106/9
05-07-2022 година

Постапувајќи по претставките бр. 08-106/4 и 08-106/5 од 17.03.2022 година, поднесена од [redacted] Битола и [redacted] од Битола против Министерство за здравство, односно ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел" Битола за сторена дискриминација по основ на работен статус во област на работата и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 05.07.2022 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА** директна дискриминација врз друг основ (работна позиција) врз лицата [redacted] од Битола и [redacted] од Битола, вработени во ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел" Битола во област на работата и работни односи, од страна на Министерство за здравство и ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел" Битола.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) на 17.03.2022 година поднесени се претставки со архивски број бр. 08-106/4 и 08-106/5 од подносителките [redacted] од Битола и [redacted] од Битола против Министерство за здравство, односно ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел" Битола.

Од причина што и двете претставки се однесуваат на истиот основ, против истите потенцијални сторители и се изнесени истите факти, Комисијата ги спои двете претставки во еден ист предмет, водејќи ја постапката под архивскиот број 08-106.

Подносителките во претставката наведуваат дека врз нив е сторена дискриминација врз друг основ, односно работна позиција, од страна на ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел" Битола, односно Министерството за здравство. Дискриминацијата се состои во тоа што, тие како вработени во ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел" Битола, распоредени во општата амбуланта во КПД Затвор Битола, за разлика од останатите вработени во затворот, не им следува додаток на плата од 15 до 30% за работа во посебни услови и не им се смета стаж со продолжено траење (бенефициран стаж). Тоа го образложуваат со тоа што во 2019 година е донесен нов Закон за извршување на санкции, во кој се предвидени горенаведените права за

вработените во казнено-поправните установи, односно административните службеници, затворската полиција и помошно-техничките лица.

Кон претставката во прилог, подносителките во копии доставија: Изјава за безбедност и проценка на ризик на работни места во КПУ – Затвор Битола, Известување од Народен правобранител, Известување од Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија, Допис до Министерство за здравство и Барање до директорот на ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел“ Битола.

Комисијата во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со Барање бр. 08-106/6 ги достави претставките до ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел“ Битола и Министерството за здравство, на ден 04.04.2022 година, за да се изјаснат за наводите во претставките.

Во однос на таквото Барање, ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел“ Битола со допис од 12.04.2022 година се изјасни по претставките, наведувајќи дека подносителките не се споредуваат со вработените во нивната здравствена установа, туку со вработените во КПУ Затвор Битола за кои важат други прописи во однос на нивните права од работен однос, односно кои се под надлежност на Министерството за правда. Дополнително на тоа, се изјасниле дека со преземањето на овие вработени како здравствени работници под надлежност на Министерството за здравство, за нив важат прописите од областа на здравствената заштита, Законот за работните односи и Колективниот договор за здравствената дејност, додека во однос на бенефицираниот стаж кој се уредува со Правилникот за утврдување на работните места, на кои стажот за осигурување се смета со зголемено траење („Службен весник на РМ“ бр. 32/15) се поднесени повеќе иницијативи до надлежните институции на решавање на истакнатите проблеми.

Дополнително на тоа, Министерството за здравство со допис од 04.05.2022 година се изјасни по претставките, наведувајќи дека подносителките на претставките не се вработени во КПУ Затвор Битола, ниту во Министерството за здравство, туку во ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел“ Битола, па оттаму правата и обврските кои произлегуваат од работните односи на подносителките се уредени како и за сите останати вработени во ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел“ Битола. Според нив, овие вработени спаѓаат во групата даватели на јавни услуги во здравството согласно Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за здравствена заштита и истите се здравствени работници со високо образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата или се здравствени работници со средно, вишо или високо стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата. Понатаму, тие наведуваат дека во однос на бенефицираниот стаж не е соодветно споредувањето на здравствените работници чие работно место се наоѓа во казнено поправна установа со останатите вработени во овие установи, бидејќи секое работно место и условите за работа на работното место имаат свои посебни карактеристики, кои треба да бидат оценети од стручни лица и во соодветна постапка истите да бидат потврдени со Правилникот за утврдување на работните места, на кои

стажот за осигурување се смета со зголемено траење, кој е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика.

Комисијата ценејќи ги изнесените факти во претставките, како и од добиените изјаснувања од лицата против кои се поднесени претставките го заклучи следново:

Вработените во општите амбуланти во рамки на казнено поправните установи со донесување на новиот Закон за извршување на санкциите („Службен весник на РСМ" бр. 99/2019 и 220/2019), се преземаат како вработени во јавни здравствени установи и тие имаат статус на здравствени работници, а правата и обврските се регулирани со прописите од областа на здравствената заштита. Имено, со Законот за здравствена заштита („Службен весник на РМ" бр. 43/2012; 145/2012; 65/2013; 87/2013; 164/2013; 39/2014; 43/2014; 101/2014; 132/2014; 188/2014; 10/2015; 61/2015; 154/2015; 192/2015; 17/2016; 37/2016 и 93/2017 и „Службен весник на РСМ" бр. 20/2019; 101/2019; 153/2019; 180/2019; 275/2019; 275/2019; 77/2021; 122/2021 и 178/2021), се уредуваат прашањата кои се однесуваат на системот и организацијата на здравствената заштита и вршењето на здравствената дејност, загарантираните права и утврдените потреби и интереси на државата во обезбедувањето на здравствената заштита, здравствените установи, вработувањето, правата и должностите, одговорноста, евалуацијата, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на здравствените работници и здравствените соработници, квалитетот и сигурноста во здравствената дејност, коморите и стручните здруженија, рекламирањето и огласувањето на здравствената дејност, вршењето на здравствена дејност во вонредни услови и надзорот над вршењето на здравствената дејност. Додека правата од работен однос на здравствените работници, поврзани со нивното плаќање (плати, надоместоци на плати, додатоци на плата итн.) се утврдуваат и регулираат со Колективен договор за здравствената дејност на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 60/2006; 156/2007; 17/2009; 88/2009; 60/2010; 33/2011; 5/2013; 172/2014; 118/2015; 3/2016; 75/2016; 137/2016 и 80/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 31/2019; 32/2019; 196/2019; 219/2019; 1/2020; 32/2020; 174/2021 и 302/2021).

Понатаму, со новиот Закон за извршување на санкциите, казнено поправните установи стануваат казнено поправни домови и меѓу другото, со овој закон се регулираат правата и обврските само на вработените во казнено поправните домови, кои имаат статус на административни службеници, затворска полиција и помошно-технички лица.

Оттука, Комисијата утврдувајќи ја фактичката состојба, во однос на правата кои им следуваат на вработените во КПД Затвор Битола, а се во врска со додатокот на плата од 15 до 30% за работа во посебни услови и бенефицираниот стаж, не утврди дека таквиот различен третман на здравствените работници распоредени во затворската амбуланта во однос на вработените во казнено поправниот дом, произлегува од директни дејствија на работодавачот, во конкретниот случај ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел" Битола, за да постои директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ова од причина што споредбено двете групи на вработени се во работен однос кај два различни

работодавачи, едниот ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел" Битола, а другиот КПД Затвор Битола.

Имено, директна дискриминација согласно член 8 став 1 од наведениот Закон, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Следствено на тоа, Комисијата смета дека согласно изнесените факти во конкретниот случај не постои директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 од Законот и од причини што подносителите на претставката иако како здравствени работници вработени во ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел" Битола работните задачи и обврски ги реализираат во просториите на КПД Затвор Битола, сепак истите треба да се споредуваат со други здравствени работници кои под исти или можно споредливи слични околности работат во здравствени установи и добиваат различен третман.

Сепак, Комисијата иако смета дека не се работи за директна дискриминација, видно од изнесените околности, цени дека станува збор за права од работен однос поврзани со плаќањето на здравствените работници и безбедност и здравје при работа. Имено, покрај Законот за здравствена заштита кој го регулира статусот на здравствените работници, а не и правата поврзани со платата, со посебен колективен договор за здравствената дејност или пак со поединечен колективен договор во рамки на работодавачот, во согласност со процената на ризик за овие работни места, постои можност да се предвидат соодветни додатоци на плата за работа во посебни услови. Покрај тоа, постои можност и за соодветна регулација согласно прописите од областа на безбедност и здравје при работа, во насока на преземање на соодветни мерки врз основа на спроведена проценка на ризик за конкретните работни места. Во таа насока потребно е претставникот на работниците за БЗР или синдикалниот претставник во соработка со работодавачот да предвидат соодветни мерки во смисла на ротирање на здравствени работници на работни места во општата амбуланта при КПД Затвор Битола, во случај кога стручна проценка би упатила на спроведување на такви мерки.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
м-р Кире Василев

Доставено до:
[redacted]
- ЈЗУ Здравствен дом „Хаим Абраванел" Битола
- Министерство за здравство
- Архива на КСЗД